РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
Бр. 02-617/1
15.10. 2021 год.
СКОПЈЕ

AgFutura TECHNOLOGIES

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен на ден 15.10.2021 година во Скопје

помеѓу:

1. МојаФарма.мк (МФ) во сопственост на АГ Футура Технологии ДООЕЛ (АГФТ), со седиште на ул. "Франклин Рузвелт" бр. 6/2-33, 1000 Скопје, застапувано од управител Благоја Муканов и

2. Факултет за земјоделски науки и храна (ФЗНХ-Скопје), Универзитет „Св. Кирил и Методиј во Скопје" со седиште на ул. 16 Македонска Бригада бр.3, 1000 Скопје, застапувано од Деканот, проф. д-р Вјекослав Танасковиќ.

Во понатамошниот текст, „страните потписнички"

## Општи одредби

### Член 1

Предмет на овој меморандум е воспоставување на соработка помеѓу МФ и ФЗНХ-Скопје во доменот на подготвување на стручни содржини кои ќе се објавуваат на едукативниот портал Моја Фарма од областа на земјоделството и прехранбената индустрија, како и промовирање на активностите на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје преку едукативниот портал Моја Фарма.

## Облици и начин на соработка

### Член 2

Соработката помеѓу двете страни утврдена со членот 1 на овој Меморандум, особено се однесува на:

1) **Обврски на МФ**

- Организација и спроведување на маркетинг активности за промовирање на ФЗНХ-Скопје:
    - МФ ќе ги промовира сите настани и новости на ФЗНХ-Скопје;
    - МФ ќе спроведе кампања за промоција на упис на нови студенти на ФЗНХ-Скопје;
    - Подготовка и објава на соопштенија кои се меѓусебно усогласени, а се однесуваат на работата на ФЗНХ-Скопје, на платформата МФ и на сите други канали на комуникација со јавноста (пр. Фејсбук, Инстаграм и Линкдин);
    - МФ ќе спроведува континуирана кампања за покренување на свеста кај средношколците за кариерните можности во областа на земјоделските науки врз основа на годишна програма на активности која ќе биде усогласена со ФЗНХ-Скопје.

**2) Обврски на ФЗНХ**

- Учество на кадарот на ФЗНХ-Скопје во развој и продукција на стручни содржини кои ќе бидат предмет на објава на платформата МФ и на сите други канали на комуникација на овој медиум;
- Учество на професори во изработка на анализи и статии од областа на земјоделство и економија во земјоделството кои ќе бидат предмет на објава на платформата МФ и на сите други канали на комуникација на овој медиум, регулирано со посебен договор;
- Учество на професори во анкетни истражувања и подготовка на извештаи кои ќе бидат предмет на објава на платформата МФ и на сите други канали на комуникација на овој медиум, регулирано со посебен договор;
- Учество на професорите на стручни едукативни настани организирани и поддржани од страна на МФ.

Поблиските уредби за начинот и формата на соработка помеѓу МФ и ФЗНХ се објаснети во **Водичот за соработка**, во Анекс 1 од овој меморандум.

**Член 3**

Врз основа на овој Меморандум, страните потписнички поаѓајќи од своите интерни правила и интереси, можат да склучат посебни договори со кои ќе ја организираат меѓусебната соработка. Овие посебни договори може да се однесуваат на изработката на анализи, анкетни истражувања и други активности од поголем обем.

**Член 4**

Ниедна страна не смее да презема активности на сметка на другата страна, без претходно да се консултира и да ја информира другата страна. Секоја ваква активност ќе се смета за злоупотреба и е директно прекршување на членот 1 од овој Меморандум.

## Финансиски одредби

**Член 5**

Активностите и соработката не предизвикуваат никакви финансиски импликации и ги почитуваат правилата и прописите воспоставени од страните потписнички.

Сите активности за кои ќе бидат потребни финансиски средства ќе бидат уредени со посебен договор.

## Дополнувања и прекин

**Член 6**

Овој Меморандум може да биде дополнет или изменет со анекс на барање на страните потписнички.

Секоја од страните потписнички може да го раскине овој Меморандум со писмено известување до другата страна потписничка, 30 дена пред настапување на прекинот на важењето на Меморандумот.

## Важност на Меморандумот

**Член 7**

Овој Меморандум стапува на сила на денот на потпишувањето и ќе остане на сила додека не биде раскинат.

Овој Меморандум е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, по 2 (два) за секоја страна потписничка.

**Страни потписнички:**

МојаФарма.мк застапувано од

АгФутура Технологии ДООЕЛ

Друштво за компјутерски консултантски дејности АГ ФУТУРА ТЕХНОЛОГИИ ДООЕЛ 2 СКОПЈЕ

Благоја Муканов

Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје Република Северна Македонија Факултет за земјоделски науки и храна

проф. д-р Вјекослав Танасковиќ

Декан

# Анекс 1: Водич за начинот на соработка помеѓу МФ и ФЗНХ-Скопје

## Вовед

Овој Водич го одредува начинот на развој и продукција на содржини од различен формат од страна на ФЗНХ-Скопје кои ќе се објавуваат на веб порталот МојаФарма.мк и сите други канали на комуникација на овој медиум. Содржините ќе бидат од областите земјоделско производство, агробизнис и аграрна политика. Целта е двете договорни страни, МФ и ФЗНХ-Скопје, да имаат јасно дефинирани процеси и увид во начинот на генерирање на теми и содржини, динамиката на генерирање и објава со цел овој процес да не ги загрози постојните процеси на двете договорни страни.

Координацијата во однос на одредување на темите, авторите, распоредот за пишување и динамиката на објава ќе биде на двонеделна основа, со одржување на состанок помеѓу тимот на МФ и тимот на ФЗНХ-Скопје. Во тековниот месец ќе се работи на содржини кои ќе се објавуваат наредниот месец.

Овој Водич е поделен во два дела: **систем на генерирање на редовни содржини** и **систем на генерирање на дополнителни специфични содржини.**

## 1. Систем на генерирање на редовни содржини

### 1.1. Генерирање на содржини од областа на земјоделското производство

За сите области кои ќе ги покрие тимот од ФЗНХ-Скопје ќе биде подготвена матрица која ќе служи како водич при одредување на темите за пишување. Одредувањето на теми од областа на земјоделското производство ќе биде според следнава матрица:

- **месец** - во тековниот месец се работи на содржини кои, според земјоделскиот календар, се актуелни наредниот месец;
- **потсектор** - потсекторите кои ќе бидат опфатени се: градинарство, овоштарство, поледелство, лозарство, сточарство, опфаќајќи ги специфичните области во секој од потсекторите;
- **култура** - во рамките на секој од наведените потсектори ќе бидат опфатени доминантните култури (пр. во потсекторот градинарство: грашок, домат, зелена салата, зелка, карфиол, компир, копар, краставица, кромид, крупна бакла, лук, летен лук, магдонос, модар патлиџан, морков, оранжериско производство, пиперка, праз, ротквици, спанаќ, тиквица);

- **тема** - темите ќе се одредуваат согласно тоа што е актуелно во претстојниот период во секој потсектор и кај конкретни култури. Најчесто, овие теми ќе бидат поврзани со агротехнички операции, како на пр.: берба, браносувања, втора прихрана, десикација, дополнителна обработка, заштита, култивирање, нагрнување, окопување, основна обработка, основно ѓубрење, пикирање на расад итн.).
- **наслов на текст/содржина и концептот за обработка** - точниот наслов на содржината, начинот на обработка (структурата и содржината), временската рамка за развој и продукција од страна на авторите ќе бидат одредени на редовните состаноци на двонеделна основа помеѓу тимот на МФ и тимот на ФЗНХ-Скопје.

*На пример, актуелна тема за месец јули во потсекторот овоштарство, за културата јаболко е заштитата кај ова овошје, а пример за конретна тема за обработка е: Превенција и сузбивање на чадлива краставост.*

## 1.2. Генерирање на содржини од областа на аграрната политика и агробизнисот

За сите области кои ќе ги покрие тимот од ФЗНХ-Скопје ќе биде подготвена матрица која ќе служи како водич при одредување на темите за пишување. Одредувањето на содржини од областа на агробизнисот и аграрната политика ќе биде според следниве критериуми:

- **област** - пошироките области кои ќе бидат покриени од тимот на МФ во делот на аграрна политика, агроекономија и агробизнис се: национална и ЕУ земјоделска политика, маркетинг, претприемништво, финансии, анализа на трендови во земјоделскиот сектор во Северна Македонија и ЕУ, методологии на истражување;
- **тема** - предлог-темите за обработка во секоја од наведените пошироки области ќе бидат дефинирани во матрицата и ќе бидат разгледувани на редовните состаноци помеѓу тимот на МФ и тимот на ФЗНХ-Скопје.
- **наслов на текст/содржина и концептот за обработка** - по дефинирањето на конкретна тема за обработка, на состаноците дополнително ќе се утврди и насловот на содржината, начинот на обработка (структура и содржина), временската рамка за развој и продукција од страна на авторите.

*На пример, во областа претприемништво, ќе се обработуваат повеќе теми поврзани со основањето на агробизнис, а пример за конкретна тема е: Подготовка на бизнис план.*

## 2. Систем на генерирање на дополнителни содржини

Покрај текстовите кои ќе произлезат врз основа на системот за генерирање на редовни содржини објаснет во претходниот дел, се предвидува можност и за објавување на дополнителни содржини подготвени од тимот на ФЗНХ-Скопје во соработка со тимот на МФ. Овие содржини ќе се утврдуваат на редовните состаноци и ќе произлегуваат од тековно актуелни теми во земјоделско-прехранбениот сектор:

- актуелни случувања во националната и земјоделската политика на ЕУ поврзани со конкретен земјоделски потсектор;
- пазарни трендови во земјоделско-прехранбениот сектор;
- иновации и трендови во делот на земјоделското производство;
- најновите случувања во делот на реформите на земјоделската политика на С. Македонија и ЕУ;
- трендови и извештаи поврзани со системот на храна и др.

Овие дополнителни содржини може да имаат различен формат со рокови кои ќе бидат независни од претходно дефинираните содржини за земјоделско производство, аграрна политика и агробизнис. Дополнителните содржини може да бидат во форма на:

- колумна - подготвена од страна на ФЗНХ-Скопје во соработка со МФ според одредени теми дефинирани на редовниот состанок;
- интервју - подготовка на прашања од страна на МФ и одговор на интервју од страна на ФЗНХ-Скопје, според одредени теми дефинирани на редовниот состанок;
- специфична анализа - подготвена од страна на ФЗНХ-Скопје во соработка со МФ според одредени теми дефинирани на редовниот состанок и
- други форми за кои двете страни ќе се договорат.

## 3. Утврдување на програма со активности за промоција на ФЗНХ-Скопје преку МФ

Промоцијата на ФЗНХ-Скопје ќе биде спроведена од страна на тимот на Моја Фарма. Промотивните активности поврзани со ФЗНХ- Скопје генерално ќе бидат во две групи: пасивна и активна промоција.

- **Пасивната промоција** се однесува на сите активности кои ќе бидат на редовна или долгорочна основа, како на пример поставување на банер со линк до ФЗНХ или објави на различни соопштенија/вести поврзани со ФЗНХ на веб порталот Моја Фарма. Во оваа група на промотивни активности спаѓаат и редовните статии и други содржини подготвени од страна на професорите од ФЗНХ.

- **Активната промоција** ги опфаќа сите оние промотивни активности кои ќе бидат реализирани во одредени временски периоди согласно потребите на ФЗНХ-Скопје. Овие активности може да вклучуваат снимање и објавување на видеа (со студенти/професори, во врска со апликативна дејност и можност за студирање на ФЗНХ – студиски програми и сл.) на веб порталот Моја Фарма, како и таргетирање на специфична публика при објавување на промотивните содржини на социјални медиуми на Моја Фарма. Како дополнителни активности во оваа група се и вебинари и летни школи на одредена тема во заедничка организација на Моја Фарма и ФЗНХ-Скопје.